**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003 – 137/5**
**Скопје 18.06. 2008 година**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РМ - СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Министерството за финансии – Функции на државата, а кој е прикажан на страна 5.
2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.
3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансискиот извештај на Министерството за финансии – Функции на државата за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.
4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   Д-р Трајко Славески, министер за финансии
5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4, и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија.
6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 18/02/2008 до 28/03/2008 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.
7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.
8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел:3 211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***

________________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансискиот извештај е ослободен од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансискиот извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Министерството за финансии добиени се забелешки на Претходниот извештај, на точките 10.1.1, 10.1.2, 101.3, 10.1.4, 10.1.5. и 13, при што сите забелешки не се прифатени, освен забелешката на точката 13 која се однесува на обелоденувањето.

11. Со ревизијата на финансискиот извештај за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1 Законско и наменско користење на средствата**

11.1.1. Во текот на 2007 година исплатени се средства во износ од 1,078,194 илјади денари од разни расходни ставки ( субвенции и трансфери, резерви и недефинирани расходи, капитални расходи),како финансиска подршка на јавни претпријатија и други правни субјекти:

- ✓ ЈП Македонска радио телевизија ..........................487,400 илјади денари;
- ✓ ЈП Македонска радио дифузија ...............................48,133 илјади денари;
- ✓ ЈП Стопанисување со спортски објекти.................. 20,121 илјади денари;
- ✓ ЈП Дојранско езеро .................................................. 60,485 илјади денари;
- ✓ ЈП Македонска железница-инфраструктура ............26,725 илјади денари;
- ✓ ЈП Македонска железница – транспорт ..................89,161 илјади денари ;
- ✓ ЈП Гевгелиско поле ...................................................26,563 илјади денари;
- ✓ Јавно сообраќајно претпријатие ............................272,000 илјади денари;
- ✓ ЈП Македонски шуми .................................................3,201 илјади денари;
- ✓ ЈП Македонија пат ......................................................1,404 илјади денари;
- ✓ Зоолошка градина – Скопје ....................................43,000 илјади денари.

Исплатата на средствата има третман на државна помош заради создавање поволности на јавните претпријатија. Според одредбите од Законот за државна помош, секој облик на државна помош е под надзор на Комисијата за заштита на конкуренцијата, која изготвува обврзувачки одлуки за компатибилноста на државната помош и истите треба да бидат објавени во Службен весник на РМ. Од страна на ревизијата е констатирано дека за наведените исплати на државна помош не се донесени одлуки од Комисијата, со што корисниците на државната помош се доведени во привилегирана состојба во однос на конкурентите при намалена транспарентност во користење на средствата.

11.1.2. Финансиската подршка на Македонската радио телевизија е извршена од ставката резерви во вкупен износ од 74,400 илјади денари. Лошата финансиска состојба на јавното претпријатие и непочитување на законската обврска од страна на корисниците на услугите на Македонската радио телевизија не се причина за користење на средствата од резервите кои имаат


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

други намени пропишани со Законот за буџетите. Непочитување на Законот за буџетите доведува до незаконско и ненаменско користење на буџетските средства.

11.1.3. Со увид во Билансот на приходи и расходи, ревизијата констатира дека од ставката тековни резерви исплатени се средства на разни физички лица, здруженија на граѓани и верски заедници во вкупен износ од 101,009 илјади денари со Одлуки на Владата на Р М. И покрај препораките во ревизорските извештаи за претходните години дека согласно одредбите од Законот за буџетите, средствата од тековната резерва се наменети за покривање на расходи во случај на елементарни непогоди и други неприродни случаи, Министерството за финансии - Функции на државата сеуште нема превземено активности за отстранување на горенаведените слабости. Наведеното предизвикува ненаменско користење на буџетските средства и фаворизирање на одредени корисници на средствата од тековните резерви.

11.1.4. Извршени се исплати на здруженија на граѓани во вкупен износ од 15,000 илјади денари, согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2007 година, врз основа на Одлука на Владата на РМ, меѓутоа не се применети критериумите и постапката за распределба на финансиски средства наведени во одлуката за дефинирање на критериумите. Исплатата на средствата на здруженија на граѓани по овој основ без примена на дефинираните критериуми може да доведе до ненаменско користење на истите.

Во 2008 година, Владата на РМ има формирано одделение за исплата на финансиска подршка на здруженија на граѓани и средствата за оваа намена ги има превземено од разделот Функции на државата, ставка Трансфери до невладини организации.

Со извршени алтернативни ревизорски постапки, ревизијата констатира дека исплатите во текот на 2008 година се вршат согласно пропишани процедури, (критериуми за избор на проектите за финансирање).

11.1.5. Исплатата на средствата на политичките партии во износ од 33,000 илјади денари е извршена согласно Упатството за распределба на средствата од Буџетот на РМ за годишно финансирање на политичките партии. Меѓутоа одговорното лице на Министерството за финансии не ги имал предвид наодите и препораките наведени во извештаите на државниот ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на политичките партии и членот 20 од Законот за финансирање на политичките партии, според кои во случаите кога политичките партии се финансирани од јавни претпријатија, општините и верските заедници го губат правото на финансирање од Буџетот на РМ за наредната година.

Непочитување на Законот за финансирање на политичките партии доведува до незаконско и ненаменско користење на буџетските средства.

**Препораки :**

- ✓ Одговорното лице да воспостави соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата заради почитување на одредбите од Законот за државна помош;

- ✓ Одговорното лице да ги применува одредбите од Законот за буџетите во делот на наменско и законско користење на средствата наменети за непредвидени случаи како постојана и тековна резерва, односно средствата да се користат за отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи;

- ✓ Одговорното лице при исплатата на буџетските средства на политичките партии да ги има предвид одредбите од Законот за финансирање на политичките партии.

12. Според наше мислење финансискиот извештај ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за финансии–Функции на државата на ден 31.12.2007 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен изнесеното во точката 11.1 е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**14. Информација за спроведени препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година:**

14.1. Во однос на препораката, Министерството за финансии да овласти свои претставници кои во континуитет ќе ја следат реализацијата на приходите по основ на наплата на друмската такса, административните такси и визите како и вршење на функциите на Службата помош-информации (СПИ) кои претставуваат буџетски приходи, ревизијата констатира дека во текот на 2007 година реализирано е следното:

- Направени се контакти и преписки со Царинската управа и Министерството за транспорт и врски во однос на можноста функционирањето и финансирањето на СПИ да се обезбеди од буџетот на Министерството за транспорт и врски;
- Министерството за транспорт и врски да спроведе тендер за избор на институција која би била овластена да ги врши услугите кои согласно договорите ги врши АМСМ;
- Да се разгледа можноста за спроведување на контрола кај авто мото друштвата од аспект на реално наплатените средства од една страна и уплатените средства во Буџетот на РМ од друга страна.

До денот на ревизијата Министерството за транспорт и врски нема доставено известување за превземените активности.

Во врска со препораката за воведување на евиденција за состојбата на АСТМ, добиена е пописна листа на административни таксени марки, судски таксени марки и менични бланкети од Народна банка на РМ која со договор е обврзана да ги менаџира истите.

14.2. Во однос на користење и исплатата на средствата од резервите за намени кои не се предвидени со Законот за буџетите, констатирано е дека и во 2007 година продолжила појавата за користење на овој вид средства за намени кои не се предвидени со наведениот закон.

**Скопје, 17.06.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Министерство за финансии**
**Средства од буџетот на РМ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 17,636,942 | 12,304,868 |
| **Вкупно приходи** | **17,636,942** | **12,304,868** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Резерви и недефинирани расходи | 235,896 | 114,543 |
| Стоки и услуги | 130,050 | 151,529 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 1,317,009 | 781,343 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 817,000 | 813,000 |
| Каматни плаќања | 1,133,777 | 1,136,530 |
| Субвенции и трансфери | 4,863,428 | 1,837,803 |
| **Вкупно тековни расходи** | **8,497,160** | **4,834,748** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 3,041,006 | 1,921,719 |
| **Вкупно капитални расходи** | **3,041,006** | **1,921,719** |
| **Отплата на главнина** | **6,098,776** | **5,548,401** |
| **Вкупно расходи** | **17,636,942** | **12,304,868** |



*Ул:”Маршал Тито”бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*